# ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН
Бр. 01-19/2
28.02. 2019 год.
СКОПЈЕ

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**Прв приватен универзитет – ФОН Скопје**

**БРОЈ 216**

**Скопје, 28.02.2019**

# СОДРЖИНА:

1. Рецензија на ракопис за учебник „Криминалистика - авторизирани предавања од проф. д-р Стефан Буџакоски“......................................................................3382
2. Рецензија за практикум „Комуникациски вештини“ од проф. д-р Александра Србиновска - Дончевски..........................................................................................3385
3. Рецензија на ракописот „Основи на уставното право“ од авторот д-р Татијана Ашталкоска - Балоска ......................................................................3388

**РЕЦЕНЗИЈА**

на ракопис за учебник

Криминалистика-авторизирани предавања од Проф. д-р Стефан Буџакоски

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултет за правни науки при Прв приватен универзитет Фон во Скопје, година, за членови на Рецезентската комисија за рецензирање на учебникот Криминалистика-авторизирани предавања, избрани сеАкадемик проф. д-р Владо Камбовски иПроф.д-р Методија Ангелески

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултет за правни науки при Прв приватен универзитет Фон во Скопје, рецезентите го поднесуваат следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

Предметот Криминалистика е изборен предмет на Факултетот за правни науки и Факултетот за детективи и безбедност при Прв приватен универзитет Фон. Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 384 страни во електронска верзија со проред 1,5 големина на фонтот 11. Текстот е поделен на 3 дела. Првиот дел содржи 20 поглавја, вториот дел содржи 5 поглавја и третиот дел содржи 5 поглавја вклучувајќи ја литературата .

Првиот дел **Криминалистичка тактика** е структуиран од 20 поглавја и тоа :**1.Поим за криминалистика. 2.Планирање на криминалистичките активности, 3.Златните прашања на криминалистиката, 4.Начела на криминалистиката, 5.Меѓународна соработка во борбата против криминалитетот, 6.Начини на дознавање за постоење на казнено дело, 7.Криминалистички работи, 8.Оперативна дејност, 9.Форми на оперативно работење, 10.Криминалистички евиденции, 11.Криминалистичка анализа,12.Криминалистичко профилирање, 13.Алиби, 14.Користење посебно дресирани кучиња, 15. Употреба на полиграф, 16.Сослушување, 17.Препознавање, 18.Соочување, 19.Увид и 20. Претрес**

Овој дел е почетниот дел на трудот и започнува со дефинирање на криминалистиката, појавата на криминалистиката како самостојна наука и нејзиниот однос со другите казнени науки. Првото поглавје завршува со кирминалистичка специјализација. Во второто поглавје се наведени методите на криминалистиката, разработен е индицијалниот метод и завршува со криминалистички верзии. Во продолжение на оваа глава се запознаваме со златните прашања на криминалистиката како и со основните начела на криминалистиката. Во петтото поглавје е објаснета меѓународната соработка во борбата против криминалитетот, се запознаваме со

Интерпол и Европол и соработката на Р.М. со Интерпол ,како и меѓународната соработка против нарко-криминалот. Во продолжение се наведени начините на дознавање за постоење на казнено дело и криминалистичките работи. Во осмото поглавје се објаснува оперативната дејност односно откривање на казненото дело и сторителот како и откривачката функција на полицијата, во продолжение е запознаваме со оперативна проверка на податоци за лица, криминалистички истраги како и оперативно-технички средства и методи и технички преглед и заштита на облеки. Следното поглавје се наведени видовите на криминалистички евиденции. Понатака е дефинирана криминалистичката анализа, класификации на криминалистичката анализа и процес на криминалистичка анализа . Во продолжение е дефинирано криминалистичкото профилирање неговото значење и цело, наведени се субјектите на криминалистичккото профилирање како и видовите и методите на профилирање.Овој дел продолжува со алиби, користење посебно дресирани кучиња, употреба на полиграф, сослушување на сведок и обвинет, препознавање, соочување, дефиниран е увидот ,неговите карактеристики целта и субјекти за вршење на увид , фази на увидот, записник за увидот како и реконструкција и криминалистички експеримент, овој дел завршува со претрес, подготвителни активности за вршење претрес, видови претрес, записник за претресувањето, следење, електронски системи за обработка на криминлистички релевантни информации и географски индормациски систем и елементи на криминалистичка географија.

Вториот дел **Криминалистичка техника** содржи 5 поглавја и тоа : **1.Криминалистичка техника, 2.Траги, 3.Балистика, 4.Криминалистичка фотографија и 5.Криминалистичка идентификација на лица**

Овој дел започнува со вовед во криминалистичката техника, во второто поглавје се среќаваме со трагите, траги на папиларни линии, траги од стапала, биолошко потекло, боја, сечење и гребење,стакло, земја и прашина, траги во брави и катанци и старост на трагите, во продолжение се запознаваме со траги од огнено оружје и методи за утврдување на траги од пукање на раката и другите делови на лицето. Овој дел продолжува со историскиот развој на криминалистичката фотографија , холографија, видови на фотогравија, фиксирање на траги со фотографија, доказно значење на фотографијат, употреба на микроскопи во криминалистичката техника. Вториот дел завршува со поглавјето криминалистичка идентификација на лица , дактилоскопија, криминалистичка одорологија, идентификација на лицата врз основа на генетскиот код – ДНК, фоноскопска идентификација и идентификација на лица според карактеристиките на окото .

Во **третиот** и последниот дел **Криминалистичка методика** се содржани следниве поглавја : **1.Криминалистичка методика, 2. Методика на откривање и докажување на одредени казнени дела, 3.Казнени дела против имотот и 4.Економски криминалитет**

Последниот дел започнува со вовед во криминалистичката методика, продолжува со методика на откривање и докажување на одредени казнени дела : убиство, самоубиство и силување. Третото поглавје започнува со тешки кражби, разбојништво и разбојничка кражба, завршува со изнуда и уцена . Последното поглавје од оваа глава го дефинира економскиот криминалитет , продолжува со фалсификување на пари, тероризам, грабнување ,компјутерски криминалитет и завршува со дефинирање и наведување на причините за еколошкиот криминалитет.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи ги во предвид претходно изнесените оценки за ракописот за учебникот Криминалистика-авторизирани предавања од д-р. Стефан Буџакоски, чест ни е да му предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки при Прв приватен Универзитет Фон во Скопје, да го одобри издавањето на истиот.

Убедени сме дека со објавувањето на овој учебник ќе помогне во полесно совладување на содржината на предметот Криминалистика за студентите на правосудните студии .

Рецезенти:

Академик Проф. д-р Владо Камбовски, с.р.

______________________________

Проф.д-р.Методија Ангелески, с.р.

______________________________

**РЕЦЕНЗИЈА**

за Практикум

**Комуникациски вештини**

од проф. д-р Александра Србиновска - Дончевски

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки и дипоматија при Прв приватен универзитет Фон во Скопјебр. 15-38/3наден 10.01.2019, за членови на Рецезентската комисија за рецензирање на практикум Комуникациски вештини,од проф.д-р Александра Србиновска - Дончевски, за предметот Реторика и аргументација избрани сеакадемик проф.д-р Владо Камбовски и проф. д-р Назми Маличи.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултет за политички науки и дипломатијапри Прв приватен универзитет ФОН во Скопје, рецезентите го поднесуваат следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

Предметот Реторика и аргументација е универзитетскипредмет кој се изучува на Факултетот за политички науки и дипломатија, Факултетот за правни науки, Факултет за детективи и безбедност, Факултет за економски науки, Факултет за информатика, Факултет за спортски менаџмент при Прв Приватен Универзитет ФОН. Авторот има напишано и монографија од областа Реторика и аргументација со наслов ,,Чекор по чекор до добар говорник" од 2017 година. Практикумот ,,Комуникациски вештини,, кој е предаден на рецензија содржи 253 страни во електронска верзија со проред 1 големина на фонтот 12.

Воведниот дел е посветен на поимот комуникација. Што значи комуникација, цели на комуникацијата, значење и потреба за комуникација, инетрперсонална комуникација, групна комуникација, кои се моќни прашања во комуникацијата, реторички прашања.

Следна тема е тема која е посветена на самозапознавање како моќна сила со која го разбираме и контролираме нашиот живот. Се надоврзува со самосвест која е една од најважните вештини за успех. Како се однесуваме и реагираме на надворешни ситуации односно управување со нашите внатрешни ментални процеси.

Што значи парадигма на ментално и физичко создавање. Објаснување на процесот како сите работи настануваат два пати. Првиот пат со менталното создавање или планирање, а втор пат е физичкото создавање односно со работа.

Ефективноста во комуникациските вештини и нејзиното значење.Како да се биде добар комуникатор, говорник, предавач, лидер, менаџер?Како да бидете сакани, почитувани и прифатени? Како да ве слушаат со волја, желба и со разбирање? Се дел од прашањата во овој практикум на кои се дава целосен одговор.

Интегритет и реализација – која е разликата помеѓу важните и итните работи во комуникациските вештини и нивно подобрување.

Правила во телефонската комуникација

Активно слушање кое е способност да точно перцепираме што другата личност говори и да и понудиме повратна информација за тоа што сме го воочиле. Да се перцепира значи да го повториме тоа што сме го слушнале, да објасниме тоа што сме го разбрале и да видиме колку тоа се поклопува со она што личноста сака да ни го каже и објасни.

Емпатија - слушање со глава и срце. Емпатијата е неопходен предуслов за воспоставување на здрави и конструктивни односи помеѓу нас и други личности, односи кои нема да се претворат во нераскилнива поврзаности или од друга страна да доведат до заладување на односите при првото искушение.

Состаноци и преговарање. Премин од традиционални кон соработнички состаноци. Ефективното преговарање може да ни даде можност успешно да ги завршиме работите во кои она што ние го сакате не се судира со она што другата страна го сака, а навистина е применливо во сите деловни и животни ситуации.

Она што е најважно е тоа што овој практикум е поткрепен со многу вежби за секоја тема поединечно. Вежбите се дизајнирани да предизвикаат дискусија а ефективноста од активностите на вежбите е спознанието за чуствата на нашите соговорници и начините како можеме подобро да ги запознаеме како личности. Тие

истовремено се и така дизајнирани да допрат до нашата самосвесност и да влијаат на нашите сопствени мисли, чувства и однесување при контактот со другите луѓе.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Како рецензиона комисија убедени сме дека со објавувањето на овој практикум ќе се помогне во полесно совладување на содржината на предметот Реторика и аргументација за студените кои го изучуваат овој предмет.

Чест ни е да му предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки при Прв приватен Универзитет Фон во Скопје, да го одобри издавањето на практикумот Комуникациски вештини од автор проф. д-р Александра Србиновска – Дончевски.

Рецезенти:

Академик Проф.д-р Владо Камбовски, с.р.

__________________________________

Проф.д-р.Назми Маличи, с.р.

__________________________________

РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „ОСНОВИ НА УСТАВНОТО ПРАВО“ ОД АВТОРОТ Д-Р ТАТИЈАНА АШТАЛКОСКА-БАЛОСКА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за Правни науки за член на Рецензентската комисија за рецензирање на авторизираните предавања со наслов Основи на Уставното право од авторот: Татијана Ашталкоска-Балоска, наменет за студентите на Факултетот за Правни науки-правосудни студии, за предметот Уставно право, избран е проф. д-р Темелко Ристевски.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултетот за Правни науки при ФОН Универзитетот во Скопје, рецензентот го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### I. ОПШТ ДЕЛ

**<u>Основни податоци за ракописот</u>**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Основи на Уставното право |
| **Назив на предметната програма:** | Уставно право |
| **Назив на студиската програма:** | Правни студии |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | **7** |
| Предметот Уставно право на Факултетот за правни науки е задолжителен предмет за прв циклус на студии со фонд на часови 2+2, број на ЕКТС-кредити 7 и се слуша во втор семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија е поделен во 6 поглавја. |

РЕЦЕНЗЕНТ

**Проф. д-р Темелко Ристевски, с.р.**

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ:ПРОФ. Д-Р ТЕМЕЛКО РИСТЕВСКИ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот Основи на Уставното право содржи неколку делови кои се однесуваат на основите на уставното право со акцент на основните елементи на наставната програма по предметот Уставно право. Почнувајќи од воведниот дел во која се задржува на поимот и изворите на уставното право, понатаму авторката ги елаборира останатите делови на содржината на уставното право и притоа посветува соодветно внимание и на состојбата во нашата држава. Материјата е солидно структуирана и систематизирана според стандардните методолошки правила за пишување на учебници. Стилистички гледано употребен е научниот стил со квалитетна правна лексика, претежно о д областа на уставното право. Материјалот е лесен и разбирлив за читање. Негово евентуално натамошно проширување и дополнување со анализа на сите поединечни елементи и делови на наставната програма би значело и повисок степен на вреднување на текстот во форма на учебник. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Текстот Основи на Уставното право е усогласен со предметната програма на истоимениот предмет. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Внесени во ракописот |
| **Оцена на ракописот:** | 10 |
| **Категоризација:** | учебно помагало |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 196 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 6 поглавја и литература. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како авторизирани предавања по предметот Уставно право, примарно наменет за студентите на Факултетот за Правни науки.

Во Скопје, 14.02.2019 година

РЕЦЕНЗЕНТ

**Проф. д-р Темелко Ристевски, с.р.**